РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во следната ситуација:
Со Решение на Владата на РСМ лице е именувано за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, додека пак во истата институција со Договор за вработување на неопределено време е вработено негово блиско лице (мајка).

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.202 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува поимот „судир на интереси: „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Членот 191 од Законот за социјалната заштита ја уредува надлежноста на органот за внатрешна контрола во установите:
Член 191
„Органот за надзор врши контола на материјално-финансиското работењето на установата, користењето и располагањето на средствата на установата и за наодите доставува извештај до основачот, Министерството, управниот одбор и директорот на установата.
Бројот на членовите на органот за надзор, начинот на работа, условите и начинот на престанок на мандатот на членовите на органот за надзор се утврдуваат со статутот на установата.“

Имајќи ја во предвид горецитираната одредба од Законот за социјалната заштита, како и член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија е на став дека во конкретната ситуација не постои состојба на судир на интереси, но при натамошното извршување на јавните овластувања и службени должности од страна на двете лица од доставеното Барање за мислење, треба да внимаваат да не се доведат до состојба на судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку истите се најдат во некоја ситуација која може да ги доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да постапат согласно цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси што следат во продолжение:

Член 72 став (1) и (2)

„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 73

„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

Член 75

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk